РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање на мислење.
Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

**М И С Л Е Њ Е**

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

Согласно предвидените забрани за вршење на други дејности, како и предвидените ограничувања за вршење на дејност за време на вршење на функцијата во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, како и одредбите кои го регулираат постапувањето во случај на постоење судир на интереси од истиот закон, не постои законска пречка лице додека ја врши службената должност на работно место - секретар на општина да биде претседател и основач на здружение.

Во врска со доставеното барање за мислење, како и имајќи ги предвид дополнителните околности дека здруженија на кои лицето е основач и претседател, имаат добиено финансиски средства од Општина по објавени јавни повици, Државната комисија е на следниот став:

Иако, согласно наводите, лицето не учествувало во постапката на одлучување, не било член на комисија за доделување на средствата и поднело изјава за ограничување на соработка со правни лица, вршење влијание врз друг и изземање , поради што формално не може да се утврди директна повреда на член 51 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, сепак ваквата ситуација треба да се разгледува и од аспект на начелото на интегритет и етичкото постапување.

Член 50 од истиот закон ја предвидува забраната за злоупотреба на службени податоци:
„(1) Службено лице не смее да ги користи информациите со кои располага во вршењето на функциите, јавните овластувања и службените должности за остварување корист или предност за себе или за друг.
(2) Обврската од ставот (1) на овој член останува во рок од три години од денот на престанокот на функцијата, односно должноста, освен ако со закон е утврдено поинаку.

(3) Лицето од ставот (1) на овој член не смее да држи во тајност податоци што според овој или друг закон мораат да бидат објавени или да бара пристап кон податоци за кои знае дека не е овластен да ги добие или да се однесува несовесно кон чувањето на податоците што претставуваат тајна согласно со закон.“

Ограничувања во соработката со правни лица е предвидено со член 51 од истиот закон:
„(1) **Службено лице** во вршењето на својата функција, јавни овластувања или должности **не може да воспостави деловни односи** со правно лице кое е во негова сопственост или во сопственост на член на неговото семејство или во кое тој или член на неговото семејство поседува акции или удели или кое го основал тој или член на неговото семејство или во кое одговорното лице е член на неговото семејство.
(2) Ако службеното лице постапи спротивно на ставот (1) на овој член, на склучениот договор се применуваат одредбите за ништовност на договорот од Законот за облигационите односи.“

Забрана за вршење влијание врз друг е предвидено во член 62 од истиот закон:
,, (1) Службено лице не смее да ја користи својата положба вршејќи влијание врз друго лице во државен орган, јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице, за тоа да донесе или не донесе определена одлука, да стори нешто, да пропушти или да трпи, заради остварување корист.
(2) Секој граѓанин има право да ја извести Државната комисија за повредата на одредбите од ставот (1) на овој член.‘‘

Член 67 од истиот закон:
„(1) Лице што врши работи од јавен интерес не смее да ја злоупотреби својата положба за остварување на корист.
(2) Како работи од јавен интерес, покрај дејностите што се со закон определени како работи од јавен интерес, се сметаат и активностите што се вршат во рамките на дејствувањето на политичките партии, синдикатите, **здруженијата и фондациите.“**

Фактот што службеното лице кое извршува висока раководна функција – секретар на општина, истовремено е основач и претседател на здруженија кои користат финансиски средства од буџетот на истата таа општина, претставува сериозен ризик за појава на судир на интереси и создава оправдана перцепција во јавноста за можно влијание во процесите.

Ваквата состојба може да ја наруши довербата на јавноста во транспарентноста, еднаквоста и непристрасноста при распределбата на јавните средства, што е спротивно на принципите на добро управување и етичко постапување во јавниот сектор.
Дури и во отсуство на директно учество во одлучувањето, позицијата на секретар на општина по својата природа подразбира влијание, пристап до информации и институционална моќ, што дополнително ја засилува перцепцијата на нееднаква положба на другите учесници во јавниот повик.

Ваквото постапување е спротивно на принципите на транспарентност, еднаквост и етичност, како и на вредностите утврдени во Кодексот на административни

службеници и може сериозно да ја наруши довербата на јавноста во законитото и непристрасно функционирање на општината.

Оттука, Државната комисија оценува дека, и покрај формалното непостоење на законска забрана, ваквата ситуација е неприфатлива од аспект на интегритет и етичко однесување, а најмногу поради фактот дека лицето е надредено лице на сите вработени во општинската администрација кои се дел од комисиите што ги спроведуваат јавните повици за доделување на финансиски средства.

Државната комисија укажува дека пред се треба да се имаат во предвид Начелото на интегритет и тоа:
„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.“

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**